**Известување за концентрација со која Ултима Холдинг С.А Луксембург има намера да стекне самостојна контрола над БТБ Холдинг Инвестментс СА Луксембург**

**(предмет бр. 08-184/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Ултима Холдинг С.А. (Ultima Holding S.A.), со регистрирана адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg) има намера да стекне самостојна контрола над БТБ Холдинг Инвестментс СА (BTB Holding Investments SA), со адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg,) по пат на купување на акции.

Ултима е финансиско холдинг друштво. Ултима нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

БТБ е холдинг друштво на Групацијата на Целното Друштво. Групацијата на Целното Друштво е активна во секторот на енергетика, челик, транспорт и иновации.

БТБ има една зависно друштво регистрирано во Северна Македонија, Друштво за трговија и услуги ДУФЕРЦО МК ДОО Скопје, со адреса на бул. Св. Климент Охридски бр.52-1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Основната дејност на ДУФЕРЦО МК ДОО е 35.14 - Трговија со електрична енергија. ДУФЕРЦО МК ДОО има лиценца за вршење на следните енергетски дејности во Северна Македонија: трговија со електрична енергија, снабдување со електрична енергија и трговија со природен гас.

За целите на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар за трговија со електрична енергија во Република Северна Македонија и пазар за трговија со природен гас во Република Северна Македонија. Сепак, дефиницијата за релевантниот пазар на производи и релевантниот географски пазар може да се остави отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.01.2024 година
Скопје